**20162264991**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 16 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА И ФИРМАТА НА НОТАРСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за просторот, опремата и фирмата на нотарската канцеларија.

Член 2

Нотарската канцеларија е сместена во простории примерни за угледот на нотарската служба и опремени на начин кој овозможува непречено и квалитетно вршење на нотарската служба.

Член 3

Нотарската канцеларија треба да има најмалку една работна просторија, посебна чекална и тоалет во склоп на канцеларијата и да претставува една градежна целина со посебен влез. Вкупната површина на нотарската канцеларија не може да биде помала од 30м2.

Член 4

(1) Нотарската канцеларија може да биде сместена во индивидуална станбена зграда, во колективна станбена зграда или во деловна зграда.

(2) Нотарската канцеларија не треба да биде сместена во објект кој според својот изглед и според дејноста што се врши во него го нарушува угледот на нотарската служба.

(3) Ако нотарската канцеларија се наоѓа во повеќекатна зграда во која нема лифт, таа може да биде сместена најмногу до третиот кат.

Член 5

Нотарската канцеларија треба да биде уредна и чиста и треба да биде обезбедена со противпожарни апарати и средства, уредно сервисирани согласно со прописите за заштита од пожар.

Член 6

(1) Нотарската канцеларија треба да има метални ормани со полици или посебна просторија за архива со вградени полици, специјално направени за таа намена, согласно прописите од областа за заштита од пожар и влага, со сигурносни брави за сместување на архивата, во која ги чува нотарските деловни книги и нотарските списи, како и огноотпорна метална каса за сместување на скапоцености, исправи, пари и хартии од вредност дадени на чување.

(2) Нотарската канцеларија има телефон, скенер, фотокопир и принтер.

(3) Нотарската канцеларија е снабдена со потребна канцелариска опрема: биро, потребен број на столчиња за странките во работната соба и во чекалната, компјутер, други средства за пишување како и друг потребен канцелариски материјал.

(4) Нотарската канцеларија треба да има телефонска линија, интернет врска, квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати (електронски потпис), компјутерски сервер и електронска опрема на која што може да чуваат и архивираат електронски документи во информацискиот систем или на медиум кој овозможува трајност на електронскиот запис за утврденото време на чување, согласно Законот за архивски материјал.

(5) Нотарската канцеларија има пулт на видно и пристапно место за учесниците во постапката пред нотар, со ознака дека на истиот може да се погледне Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем од страна на нотарите и телефонски број од Нотарската комора на Република Македонија на кој до претседателот на Нотарската комора се пријавуваат неправилностите на нотарите во врска со издавањето и наплатата на надоместокот за издавање на имотен лист пропишан со Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем.

Член 7

(1) Фирмата на нотарот го содржи грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија“, називот „НОТАР”, името и презимето на нотарот и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

(2) Фирмата се испишува на посебна четириаголна плоча, со печатни букви во златна боја на црна стаклена подлога.

(3) За упатување во правец на канцаларијата на нотарот можат да се постават најмногу четири патокази.

(4) Патоказите се изработуваат во форма на стрелка или правоаголна форма со димензии до 25 см. во ширина и 100 см. во должина.

(5) Патоказите се поставуваат на оддалеченост до 100 метри од канцеларијата на нотарот.

(6) Патоказот го содржи називот „НОТАР”, а може да содржи и стрелка која го покажува правецот и ознака за оддалеченост пред називот „НОТАР”.

(7) Патоказите се изработуваат од материјал кој обезбедува трајност, во комбинација на две бои на црна подлога на која со букви е впишан називот „НОТАР”.

Член 8

(1) Лицето кое е именувано за нотар најдоцна 30 дена од денот од кога е известено дека е именувано за нотар, поднесува барање до Нотарската комора на Република Македонија (во понатамошниот текст: Нотарската комора) заради преглед на просториите и опремата за вршење на нотарската служба и констатирање дека работните простории и опремата во канцеларијата на нотарот, ги исполнуваат условите за работа согласно закон и овој правилник.

(2) Барањето за преглед на просториите и опремата за вршење на нотарската служба заедно со Имотен лист со кој се докажува сопственоста на просториите и договорот за закуп на просториите се доставуваат во писмена форма до Нотарската комора.

(3) Прегледот на просториите и опремата на нотарската канцеларија се врши од страна на овластена Комисија од претседателот на Нотарската комора најдоцна три работни дена од денот на приемот на барањето.

(4) Комисија од став (3) на овој член е составена од најмалку двајца членови на Нотарската комора на Република Македонија.

(5) Од страна на Комисијата од став (3) на овој член се утврдува фактичката состојба и се составува посебен записник во кој Комисијата го изнесува своето мислење за тоа дали просториите и опремата за вршење на нотарската служба одговараат на условите предвидени со закон и овој правилник. Примерок од записникот се доставува на именуваното лице за нотар и Министерството за правда.

(6) Доколку мислењето на Комисијата од став (3) на овој член во врска со површината и опременоста на работните простории и опремата за вршење на нотарската служба е негативно, лицето од став (1) на овој член може најдоцна осум дена од денот на приемот на записникот да ги отстрани недостатоците утврдени во записникот на Комисијата од став (3) на овој член и во истиот период, повторно да поднесе барање за преглед на просториите и опремата.

(7) Ако и при повторниот преглед на просториите и опремата на именуваниот нотар, мислењето на Комисијата е негативно, се смета дека лицето од ставот (1) на овој член не ги исполнува условите во однос на просторот и опремата за вршење на нотарската служба.

Член 9

(1) Нотарот кој сака да изврши промена на седиштето на нотарската канцеларија, поднесува писмено барање до Нотарската комора заради констатирање дека работните простории и опрема ги исполнуваат условите за работа согласно закон и овој правилник.

(2) Од страна на претседателот на Нотарската комора се овластува Комисијата од член 8 став (3) од овој правилник, која најдоцна три работни дена од денот на приемот на барањето, со непосредна проверка на предложените простории составува записник со мислење за исполнетоста на потребните услови утврдени со закон и овој правилник. Примерок од записникот се доставува до нотарот и Министерството за правда.

(3) По добиеното позитивно мислење од Комисијата од ставот (2) на овој член, нотарот од ставот (1) на овој член, може да отпочне со работа во новото седиште на нотарската канцеларија.

(4) Доколку мислењето во врска со површината и опременоста на работните простории е негативно, на нотарот од ставот (1) на овој член му се остава дополнително време од осум дена за отстранување на недостатоците утврдени во записникот на Комисијата од став (2) на овој член.

(5) Доколку по дополнителното време Комисијата од став (2) на овој член утврди дека нотарот и понатаму не ги исполнува условите утврдени со закон и овој правилник, се смета дека не ги исполнува условите во однос на просторот и опремата за вршење на нотарската служба, за што го известува Министерството за правда.

Член 10

Записниците од членовите 8 став (4) и 9 став (2) од овој правилник, имаат значење на доказ во смисла на член 10 став (1) точка ж) од Законот за нотаријатот.

Член 11

Со денот на отпочнувањето на примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на опремата и просториите за вршење на нотарската служба („Службен весник на Република Македонија“ број 31/08, 32/08 и 164/15).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4711/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери**, с.р.